**[Прес соопштение]** Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во согласност со својата мисија и во рамките на редовните програми и активности, ги следи и анализира актуелните општествени случувања, прави истражувања и предлага решенија за проблемите. По повод Законот за бранителите, изготвен е краток осврт на политиките за реинтеграција, преку преглед на литература, интервјуа и (во соработка со Институтот за демократија) испитување на јавното мислење. Погле днете го целиот извештај од истражувањето
.



Актуелната дебата во однос на поднесениот предлог на Закон за бранителите, го третира праша-њето на реинтеграција на поранешните учесници во конфликтот. Тоа прашање во однос на браните-лите, веќе е претходно делумно уредувано со истоимен закон (2002 г.) и негови измени (2003, 2004, 2007 г.), а во однос на припадниците на ОНА, со програми за реинтеграција на разни меѓународни и домашни организации (2001-2006 г.).

Прашањето на реинтеграција е дел од поширокиот концепт на Обединетите нации за разоружување, демобилизација и реинтеграција (ДДР), за кој во последните неколку години се воспоставени меѓународни практики и стандарди ( http://www.un.org/en/peacek

eeping ).

Во Македонија, по конфликтот од 2001 година, со Охридскиот рамковен договор беа предвидени првите два елементи од ДДР, но има многу малку одредби за реинтеграција (главно за ревита-лизација на кризните региони и враќање на раселените лица).

Мнозинство граѓани (78%) сметаат дека е оправдано донесување на нов Закон за бранителите. Поделеноста се појавува на прашањето за законски одредби за права на поранешните припадници на ОНА, каде 90% етнички Албанци се „за“, додека мнозинство кај сите други етнички заедници е „против“. Големо мнозинство граѓани (83%) смета дека е оправдано донесување законски одредби за права на цивилните жртви без оглед на нивната етничка припадност.

Земајќи ги предвид меѓународната пракса и стандарди, досегашните искуства, како и мислењето на јавноста, можни се неколку чекори за конструктивно надминување на ситуацијата:

- Дебатата за предлог-законот е добра можност за разрешување на преостанатите отворени прашања од конфликтот во 2001 година, вклучително цивилните жртви и исчезантите лица – проблемот треба да се третира и расправа сеопфатно;
- Предложениот законски текст ги дорегулира најголем дел од правата на бранителите, но има простор за подобрувања на законот (пр. конзистентно постапување, психо-социјална поддршка, зголемени надлежности на Комисијата), преку дебата со нивните здруженија;
- Согласно меѓународните практики, не може да се изедначат двете страни учесници во конфликтот, но треба да има програма за ресоцијализација на поранешните припадници на ОНА (обуки, преквалификации, пристап до можности за вработување и психо-социјална поддршка);
- Предлог-законот не ги опфаќа прашањата на цивилните жртви (загинати и ранети, исчезнати и киднапирани, и нивните семејства), па има потреба од посебни мерки за нив.